Re: Барање за информации од јавен карактер - МНТ

Frc 2021-01-13 11:22

Details Plain text

On 2021-01-13 10:33,
> Почитувани,
>
> Врз основа на член 4 и член 12 од Законот
> за слободен пристап до информации од
> јавен карактер (Службен весник на
> Република Северна Македонија број
> 101/2019), од Имателот ја барам следната
> информација од јавен карактер,
> достапна во форма на барање во прилог
> на овој мејл.
>
> Со почит.

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
ТЕАТЪР НА НАРОДОТ НА МАКЕДОНИЈА
03-14/2
13.01. 21

До

[redacted]

Почитувано,

Согласно Вашето барање, од 13 јануари 2021 година кое го пративте на нашата меил адреса info@mnt mk, Ве известуваме дека РСМ НУ Македонски народен театар во својата архивата за жал нема и не ги поседува фотографиите од претставата „Бетмен – враќањето на црниот витез" – премиерно играна на 22 12 1999 година.

Скопје,
15 јануари 2021 год

РСМ НУ Македонски народен театар
Одговорно лице за информации од јавен карактер
Мила Ангелковиќ

Барање за информација од јавен карактер

[redacted] 2021-03-22 13:44

Details Plain text

Почитувани,

Ви се обраќам со барање за информација од јавен карактер, согласно Закон за информации од јавен карактер.

Барател на информација: [redacted]

Барана информација:
- Вкупен број на вработени во Вашата институција?
- Вкупен број на уметници?
- Вкупен број на технички персонал?
- Колку Роми се вработени во Вашата институција како уметници а колку се вработени како техничари?

Овие информации ни се потребни за истражувачки цели на нашето здружение а истите ќе се објават во списанието "Рома Индекс"
Ве молиме, овие информации да ни ги дадете најдоцна до крајот на оваа недела.

Контакт:
[redacted]

Fw: Одговор на барање за информации од јавен карактер



From Vasil Rizov on 2021-03-26 09:55
Details Plain text

----- Forwarded Message -----
From: Vasil Rizov <vasil_rizov@yahoo.com>
To: petrovskidaniel@gmail.com <petrovskidaniel@gmail.com>
Sent: Wednesday, March 24, 2021, 10:01:54 AM GMT+1
Subject: Одговор на барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето барање за информации од јавен карактер, согласно Закон за информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

- Вкупен број на вработени Роми во НУ „Македонски народен театар" Скопје - 1
- Вкупен број на уметници - 0
- Вкупен број на технички персонал - 1
- Единствениот вработен Ром е вработен во Помошно Техничкиот сектор

Со почит,

Васил Ризов
Раководител на Сектор за административни, општи и правни работи

[redacted]

До

МНТ-Македонски народен театар
Иљо Војвода б.б.
1000 Скопје

Скопје, 26.05.2021

Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на член 1, 2, 6, 10, 14, 15, 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник бр. 101/2; Бр. 08-2878/1), донесен на седницата одржана на 16 мај 2019 година и објавен на 22 мај 2019 година, Ви упатуваме Барање за доставување на копија од документ или друг нормативен акт од Вашата институција кој пропишува механизми за постапување во случај на сексуално и/или родово вознемирување во работната средина.

Во период што следува [redacted] за нови иницијативи во уметноста и културата ќе биде директно вклучено во регионално истражување кое се однесува на преиспитување на постоечките механизми за заштита од родово и сексуално базирано насилство како и давање на препораки за креирање на нови, потенцијално ефективни механизми апликативни во нашиот општествено-политички контекст. Во ова сеопфатно истражување ќе бидат инволвирани пред се, но не и единствено, театарски институции од целиот регион со кои веќе е отпочната соработката.

За таа цел бараме да не известите дали Вашата институција има целосно, делумно или воопшто нема усвоено нормативен акт, правилник или друг документ кој јасно ги пропишува механизмите на заштита на вработените лица, персоналот и/или лицата кои се во директна врска со институцијата од родово и/или сексуално базирано насилство. (согласно членовите 18,19, 20, 24 од истиот Закон)


Ако наведениот нормативен акт, правилник или било каков друг документ од ваков тип е објавен на интернет страницата на Вашата институција, бараме да не' известите на која интернет страница или адреса е возможно да се пристапи до тој документ. (согласно членовите 10, 20, 21)

Копија од бараната документација и/или линк со пристап до истата бараме да ни биде доставена по електронска пошта (согласно членовите 20 и 24 од Законот) на следната адреса [redacted] раме да се запази рокот од 20 дена од денот на прием на Барањето, пропишан во член 21 од Законот и тоа без одлагање.

Потенцираме дека информациите од јавен карактер ги бараме како организација која веќе скоро 20 години активно придонесува во културата и во креирањето на јавни културни политики, остварува партнерства и стратешки соработки со јавните централни, регионални и локални институции, како и граѓанскиот сектор и се грижи за унапредување на нашето

општество во културна, социјална и политичка смисла. Затоа веруваме дека нашата заедничка и непречена соработка ќе продолжи и во иднина.

Ви благодариме за соработката и поддршката,
Искрено,



Fw: Одговор по барањето за пристап до информации од јавен карактер



From Vasil Rizov on 2021-06-02 09:33
Details Plain text

----- Forwarded Message -----
From: Vasil Rizov <vasil_rizov@yahoo.com>
To: contact@lokomotiva.org.mk <contact@lokomotiva.org.mk>
Sent: Wednesday, June 2, 2021, 09:32:44 AM GMT+2
Subject: Одговор по барањето за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека НУ Македонски народен театар - Скопје нема усвоено нормативен акт, правилник или друг документ кој ги пропишува механизмите на заштита на вработените лица, персоналот или лицата кои се во директна врска со установата од родово и/или сексуално базирано насилство.

Во следниот период ќе пристапиме кон изработка на правилник, кој ќе ги содржи механизмите на заштита и за тоа ќе бидете благовремено известени.

Со почит,

Васил Ризов

Раководител на Сектор за административни, општи и правни работи

барање за слободен пристап на информации од јавен карактер

From [redacted] 2021-06-17 10:43
Details Plain text

н26.pdf (~342 KB)

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.109/12), од имателот ја бараме следната информација од јавен карактер:
1. Број и сума на донаторски проекти за 2018,2019,2020 година, поточно средства добиени за проекти од меѓународни донатори и граѓански организации.

Барањето е во прилог.

Со почит,

[redacted]

До
Национална установа

(Македонски народен театар - Скопје
11 Март бр. 3, Скопје,
e-mail: info@mnt.mk)

Б А Р А Њ Е
за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Број и сума на донаторски проекти за 2018, 2019 и 2020 година, поточно средства добиени за проекти од меѓународни и граѓански организации.

2. Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата:

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје
Датум: 16.06.2021 година

Подносител:

м.п.

Re: барање за слободен пристап на информации од јавен карактер



[redacted] 2021-06-21 11:06

Details

До
[redacted]

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,
Согласно Вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер Ве известуваме дека РСМ НУ Македонски народен театар Скопје нема реализирано донаторски проекти во посочените години од Вашето барање.
Меѓутоа во 2020 година потпишавме договор за донаторски проект со Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при Европската Комисија EACEA од програмата „Креативна Европа“ кој започна да се реализира од 15.01.2021 година.

Лице за контакт: Мила Анѓелковиќ

Срдечно,
РСМ НУ Македонски народен театар

On 2021-06-17 10:43, KULT TRANZEN wrote:

> Почитувани,
>
> Врз основа на член 4 и член 12 од Законот
> за слободен пристап на информации од
> јавен карактер (Службен весник на
> Република Северна Македонија бр.109/12),
> од имателот ја бараме следната
> информација од јавен карактер:
> 1. Број и сума на донаторски проекти за
> 2018,2019,2020 година, поточно средства
> добиени за проекти од меѓународни
> донатори и граѓански организации.
>
> Барањето е во прилог.
>
> Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Согласно Вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер Ве известуваме дека РСМ НУ Македонски народен театар Скопје нема реализирано донаторски проекти во посочените години од Вашето барање.

Меѓутоа во 2020 година потпишавме договор за донаторски проект со Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при Европската Комисија EACEA од програмата „Креативна Европа“ кој започна да се реализира од 15.01.2021 година.

Со почит,